## ⚠ ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ЗНАЧАЈНА ПРОМЕНА НА ПРОСПЕКТОТ

Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, со **Решение број УП1 08-89 од 21.05.2026 година**, одобри значајна промена на Проспектот на **Опфолио Паричен Фонд**. Главните промени коишто влегуваат во сила се:

- **Поширок опфат на вложувања —** Фондот добива можност да вложува во должнички хартии од вредност и инструменти на пазарот на пари на издавачи од поголем број земји (ЕУ, ОЕЦД, Јужна и Источна Европа, БРИК, Казахстан), независно од нивниот инвестициски рејтинг.
- **Обединета категорија на парични средства —** Досегашните категории „Депозити“ и „Пари на сметка“ се спојуваат во „Парични средства и депозити (25%–100%)“, со поголема флексибилност при управување.
- **Исклучок од лимитот од 35% —** За хартии издадени или гарантирани од РСМ, единиците на локалната самоуправа, земји членки на ЕУ и ОЕЦД, вложувањата можат да го надминат лимитот од 35% од имотот на Фондот.
- **Флексибилни уплати —** Можете да вршите еднократни или редовни (нееднакви) уплати, при што самостојно го одредувате износот и динамиката. Уплатите можете слободно да ги прекинете во секое време.
- **Проширена продажна мрежа —** Покрај Друштвото, уделите може да ги купите и преку овластени банки, брокерски куќи и лиценцирани инвестициски агенти.

Овој документ содржи клучни информации за инвеститорите во овој фонд. Ова не претставува рекламен материјал. Информациите содржани во овој документ се пропишани со Закон и подзаконски акти со цел да им помогнат на инвеститорите при разбирањето на природата на овој фонд и ризиците поврзани со инвестирањето во него. Наш совет е внимателно да го прочитате за да можете да донесете информирана одлука за потенцијалното инвестирање.

Фондот е управуван од: Друштво за управување **ОПФОЛИО ИНВЕСТИЦИИ АД Скопје** со седиште на ул. Дане Крапчев бр. 21/6, Центар – Скопје и идентификациски број 9150000000293. Овој фонд е одобрен во Република Северна Македонија и го регулира Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија. Искажаните клучни информации за инвеститорите се точни на ден 21.05.2026.

## Цели и инвестициска политика на Опфолио Паричен Фонд – отворен инвестициски фонд

**1. Инвестициска цел и стратегија**

Основната инвестициска цел на Фондот е остварување на раст на капиталот преку зголемување на вредноста на имотот, односно пораст на цената на уделот на долг рок. При реализација на оваа цел, Фондот строго ги почитува утврдените ограничувања во вложувањата, како и потребите за ликвидност и сигурност на средствата. Инвестициската стратегија е дизајнирана да генерира стабилен и континуиран принос со минимална волатилност на вредноста на уделот, со што се заштитува капиталот од пазарни флуктуации. Приоритети на Фондот се зачувување на вредноста на вложувањето и обезбедување на висока ликвидност на средствата.

**2. За кого е наменет фондот?**

Фондот е првенствено наменет за домашни и странски, физички и правни лица, кои се карактеризираат со ниска толеранција на ризик и краткорочен инвестициски хоризонт (пократок од една година.

**3. Во што инвестира фондот?** Средствата се вложуваат глобално, без географски ограничувања, во:

- Парични средства и депозити во овластени банки (25%–100%);
- Краткорочни и долгорочни должнички хартии од вредност и инструменти на пазарот на пари (0%–65%), вклучувајќи издавачи од земји на ЕУ, ОЕЦД, Ј. и И. Европа, БРИК и Казахстан;
- Инвестициски фондови (0%–10%).

**4. Ваши права и правила за откуп**

Како сопственик на удел, имате право на сразмерен дел од добивката и можете во секое време да побарате откуп на уделите.

- **Цена за откуп:** Се одредува на првиот нареден работен ден по поднесување на барањето.
- **Рок за поднесување:** Барањата поднесени по 16:00 часот се сметаат за примени следниот работен ден.

- **Начин на уплата:** Можете да вршите еднократни или редовни (нееднакви) уплати, при што самостојно го одредувате износот и динамиката. Уплатите можете слободно да ги прекинете во секое време.
- **Каде да купите удели:** Покрај Друштвото, уделите може да ги купите и преку овластени банки, брокерски куќи и лиценцирани инвестициски агенти.

## Профил на ризичност и успешност

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
|---|---|---|---|---|---|---|

Понизок ризик ← Повисок ризик →

Ризичната класа на фондот, според скалата дефинирана од Комисијата за хартии од вредност, сѐ уште не е одредена бидејќи фондот е новооснован. Историските податоци кои се користат за пресметка на синтетичкиот индикатор не треба да се сметаат за сигурен показател на идниот профил на ризичност на фондот. Категоријата на профил на ризичност и успешност не е гаранција дека истите ќе останат непроменети. Категоријата на ризик може да се промени со текот на времето. Најниската категорија не значи дека инвестирањето е без ризик.

Приоритети на Фондот се зачувување на вредноста на вложувањето и обезбедување на висока ликвидност на средствата.

Главни ризици на кои е изложен фондот се:

- **Пазарен ризик:** Промена на вредноста на фондот поради промена на пазарните цени на хартиите од вредност.
- **Каматен ризик:** Влијание на промената на каматните стапки врз вредноста на имотот, особено врз депозитите.
- **Кредитен ризик:** Можност издавачот на хартии од вредност да не може да ги исполни своите финансиски обврски.
- **Валутен ризик:** Промена на вредноста на имотот поради промена на курсот на странските валути.
- **Ризик од предвремено плаќање:** отповикливите обврзници (callable bonds) и се однесува на можноста издавачот да ја откупи обврзницата пред нејзиниот рок на доспевање.
- **Политички ризик:** Влијание на политичката нестабилност во земјите каде што се инвестира врз вредноста на имотот
- **Ризик од промена на даночни прописи:** Можност за негативно влијание врз приносот поради промени во домашните или странските даночни закони.
- **Ликвидносен ризик:** Неможност за брза продажба на имотот на фондот по реална цена за да се исплатат барањата за откуп.

## Трошоци

**Еднократни трошоци кои се настануваат пред или по вашето вложување:**

| | |
|---|---|
| Влезни трошоци | не се наплатува |
| Излезни трошоци | не се наплатува |

*Ова е максималниот износ кој може да се одбие од вашите пари (пред да бидат вложени) / (пред исплатата на приносот на вашето вложување).*

**Трошоци на фондот во текот на годината:**

Тековни трошоци

**Трошоци од фондот во одредени посебни околности:**

| | |
|---|---|
| Провизии од работењето | не се наплатува |

## Историски принос на Фондот

Фондот работи од 04.12.2025 година. Цена на удел на 20.05.2026 изнесува 101,06 ден. Остварени приноси: Дневен принос +0,01% (+0,01 ден.), 3 месеци +0,56% (+0,56 ден.), принос од основање +1,06%. Нето имот на

фондот (NAV) на 20.05.2026 изнесува 46.580.245,17 ден. Со оглед на краткото работење на фондот, периодите „6 месеци“ и „1 година“ сеуште не се применливи.

## Практични информации

- Даночната регулатива може да влијае на личната даночна позиција на инвеститорите.
- **Дополнителни информации:** Примерок од Проспектот и Статутот, како и последните годишни и полугодишни извештаи, може да се добијат бесплатно на македонски јазик во просториите на Друштвото или на интернет страницата (www.opfolio.mk)
- Депозитарна банка: **Шпаркасе Банка АД Скопје**, ул. Васил Иљоски бр. 14, 1000 Скопје
- **Цена на удел:** Цена на удел на 20.05.2026 изнесува 101,06 ден. Нето имот на фондот (NAV) изнесува 46.580.245,17 ден. Актуелни информации се достапни на интернет страницата на Друштвото.
- **Политика за надоместоци:** Детали за тековната политика за надоместоци на Друштвото се достапни на интернет страницата www.opfolio.mk.
- Надзорно тело: **Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија**
- Ревизор на финансиските извештаи е друштвото **Пелагониска Ревизорска Куќа ДООЕЛ Прилеп**
- **Опфолио Инвестиции АД Скопје** одговара за веродостојноста, потполноста и точноста на податоците содржани во документот со клучни информации и може да се смета за одговорно само доколку некои делови од документот доведуваат во заблуда, се неточни или не се во согласност со Проспектот на отворениот инвестициски фонд.

Овој документ е само информативен. Пред да донесете одлука за инвестирање, задолжително проучете ги Проспектот и Статутот на фондот.

Потпис на инвеститорот

______________________